Се очекува прилив на средства по оваа Програма од продажба на парцели за домување, со основни намени:

- А0 – домување во станбени куќи со посебен режим
- А1 – домување во станбени куќи
- А3 – групно домување

Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Потребни средства кои се предвидени за реализација на Програмата се само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање и ќе изнесува 100000 денари.

Програмата ја усвојува Советот на општина Новаци.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Новаци.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Новаци.

Изработил
Комисија за спроведување на
постапките за јавно наддавање
на градежно земјиште во состав:

Благој Бежановски
Игорче Ристески
Филип Радески

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/8
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 14 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.12.2022 год. донесе:

ПРОГРАМА

за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 година

Со оваа програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување на локалните водоводи на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година.

1. **Одржување на водовод во с. Бач**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
2. **Одржување на водовод во с. Брод**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
3. **Одржување на водовод во с. Живојно**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
4. **Одржување на водовод Пет чешми - Мариово (Градешница, Старавина, Зовиќ, Будимирци)**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 55.000 ден.
5. **Одржување на водовод во с. Добровени**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 24.000 ден.
6. **Одржување на водовод во с. Скочивир**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
7. **Одржување на водовод во с. Маково**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 22.000 ден.
8. **Одржување на водовод во с. Рапеш**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
9. **Одржување на водовод во с. Долно Орехово**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
10. **Одржување на водовод во с. Грумази**
    - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
11. **Одржување на водовод во с. Мегленци**
    - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
12. **Одржување на водовод во с. Арматуш**
    - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.

ВКУПНО РАСХОДИ: 731.000 ден.

Со водоводот во населените места во с. Бач, с. Брод и с. Живојно, стопанисува Ј.П.К.Д, „Комунална хигиена“ – Новаци, додека пак со водоводот во населените места во с. Новаци, с. Рибарци, с. Гнеотино, с. Гермијан, с. Добромири, с. Горно и Долно Агларци и с. Далбеговци, стопанисува Ј.П. „Водовод“ – Битола, а со останатите локални водоводи стопанисуваат самите месни заедници.

Тековното одржување на водоводната мрежа во населените места кои се поврзани на градскиот водовод, го врши Ј.П. „Водовод“ – Битола, додека одржувањето на останатите локални водоводи ќе го врши Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесување на истата од страна на Советот на Општина Новаци и ќе се објави во Службен гласник на општина Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/9
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка15 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.12.2022 год. донесе:

ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 година

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година. Сите активности и работи кои ќе се преземат за одржување на јавната чистота се во зависност од повеќе фактори, како од густината на населението, густината на возила, културни навики на населението, инфраструктирните услови и инситуционалните и граѓанските потреби, самодисциплината на граѓаните, придржувањето на локални закони и др.

Законот за јавна чистота , со кој се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота , правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота е акт со кој законодавецот има намера поажурно да ја одржува јавната чистота, а тоа е нешто што го налага самото урбано живеење. Имено, со овој закон се предвидува наплата на надоместок за одржување на јавна чистота , при што се очекува изворот на средства да биде обезбеден, со што давателите на услуги ќе бидат во можност поефикасно да ги извршуваат активностите на одржување на јавна чистота .

Видот и начинот на одржување на јавна чистота, покрај од друго, директно зависи од уреденоста, состојбата и одржувањето на јавно прометните површини. Затоа укажуваме дека како општина можеме да пружиме подобра услуга по обем, динамика и квалитет доколку инфраструктурните претпоставки во Општина Новаци се подобрат, а почитувањето на комуналниот ред, сообраќајните прописи и друго се подигнат на повисоко ниво од досегашното.

Посебно внимание ќе се обрати при одржување, уредување и зашитита на парковите и зеленилото кои претставуваат места за одмор и рекреација на граѓаните на Општина Новаци.

Програмата подразбира организирано собирање и транспортрирање на комунален отпад на јавните површини и отворените површини на јавните објекти во рамките на законската регулатива што има директно влијание во зачувувањето на животната средина. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад од јавни површини се врши со специјални возила за таа намена.

Моменталната состојба со управувањето на комуналниот отпад во Општина Новаци е во добра состојба. Во 2020 година набавени се нови возила за собирање на смет, чистење на јавни површини и слично кои ги задоволува потребите на граѓаните на Општина Новаци. Во 2021 година планираме поинтензивна и испланирана акција за селектирање, собирање и намалување на волуменот на селективниот комунален отпад.

Со набавката на новите возила планираме да постигнеме:

- Динамика во редовноста на услугата со оптимално ангажирање на возилата и доволно простор за правилно одржување на истите;
- Унапредена услуга која ќе има позитивно влијание врз угледот на општината, граѓаните и надлежните служби.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Новаци за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистењето на снегот и марзот во зимски услови.

Со оваа програма се утврдуваат:

- територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, парковите и рекреативните површини;
- основните начела на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- надзор во спроведувањето;
- начинот на финансирање.

ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци ќе ги прифатијавните површини како: улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски и такси станици и сл.

Во спроведувањето на програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини, парковите, рекреативните површини;
- машинско и рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд;
- миење на јавните површини;
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување најавнатачистота до општинските временидепонии во населените места од општината;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Под поимот јавни површини спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Новаци. Постојат два вида на јавни површини по основ на начинот на одржување за да бидат во функција за потребите на граѓаните на Општина Новаци и тоа: Јавно прометни површини кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и јавни прометни површини – паркови и зеленило кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација.

Отпадот на јавните површини е од разно потекло, како:

- хартии и пластична амбалажа од разни паковања, пет-амбалажи, пластични пакувања, кутии од цигари, отпушоци и разни прехрамбени материјали;
- отпадоци од возила - при превоз на градежни материјали, овошје, зеленчук и други растенија, при товарање и растоварање на градежен материјал и растенија и сл.;
- биоразградлив отпад (лисја од дрвја, цвет, суви гранки, разни зелени остатоци од земјоделски насади, песок, гранулат кои служат за топење на снегот во зимски услови).

За изработка на организационен план за чистење на јавните површини потребна е и категоризација на истите. Категоризацијата зависи од густината на населението и сообраќајот и правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

МЕТОДИ НА ЧИСТЕЊЕ

I. ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТЕЊЕ

Прва категорија

Централно подрачје - улици, тротоари, плоштади,автобуски и такси станици кои се во густа фрекфенција на движење. Метењето ќе се извршува петдена во неделата.

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Плоштад и парк во општинска зграда Новаци	3.000 m^2	2	20	60.000 m^2	12	720.000 m^2
2.	Главна асфалтирана собраќајница R1311 од полициската станица до поштата во с. Новаци	3.500 m^2	2	20	70.000 m^2	12	840.000 m^2
3.	Од центарот на Новаци кон училиштето и црквата “Св. Атанасиј“ се до повеќе-наменското игралиште во с. Новаци	2.000 m^2	2	20	40.000 m^2	12	480.000 m^2
Вкупно:		**8.500 m^2**		**20**	**170.000m^2**	**12**	**2.040.000 m^2**

Втора категорија

Метење на главни сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со поголем интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати неделно.

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Главна асфалтирана собраќајница R1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК	14.000 m^2	2	8	112.000 m^2	12	1.344.000 m^2
Вкупно:		**14.000 m^2**		**8**	**112.000m^2**	**12**	**1.334.000m^2**

Трета категорија

Метење на сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со помал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати месечно.

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Центар во с. Добромири	3.000 m^2	2	2	6.000 m^2	12	72.000 m^2
2.	Центар во с. Рибарци	1.000 m^2	2	2	2.000 m^2	12	24.000 m^2
3.	Центар во с. ГорноАгларци	1.500 m^2	2	2	3.000 m^2	12	36.000 m^2
4.	Центар во с. Долно Агларци	1.500 m^2	2	2	3.000 m^2	12	36.000 m^2
5.	Центар во с. Гермијан	2.000 m^2	2	2	4.000 m^2	12	48.000 m^2
6.	Центар во с. Далбеговци	1.500 m^2	2	2	3.000 m^2	12	36.000 m^2
Вкупно:		**10.500 m^2**		**2**	**21.000m^2**	**12**	**252.000m^2**

Четврта категорија

Метење на сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со мал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува еднаш месечно.

Ред. Бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Центар во с. Живојно	1.000 m^2	2	1	1.000 m^2	12	12.000 m^2
2.	Центар во с. Бач	800 m^2	2	1	800 m^2	12	9.600 m^2
3.	Центар во с. Брод	500 m^2	2	1	500 m^2	12	6.000 m^2
4.	Центар во с. Арматуш	800 m^2	2	1	800 m^2	12	9.600 m^2
5.	Центар во с. Тепавци	500 m^2	2	1	500 m^2	12	6.000 m^2
6.	Центар во с. Гнеотино	600 m^2	2	1	600 m^2	12	7.200 m^2
Вкупно:		**4.200 m^2**		**1**	**4.200m^2**	**12**	**50.400m^2**

ПРЕСМЕТКА

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со метење:

Ред. број	Категорија	Површина (m^2)	Единечна цена (ден/m^2)	Износво денари
1.	Прва категорија	2.040.000m^2	0,39	795.600 ден.
2.	Втора категорија	1.334.000m^2	0,39	520.260 ден.
3.	Трета категорија	252.000m^2	0,39	98.280 ден.
4.	Четврта категорија	50.400m^2	0,39	19.656 ден.
	Вкупно:	**3.676.400 m^2**	**0,39 ден.**	**1.433.796 ден.**

ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Ред. број	Работно место	Број на извршители
1.	Метачи	2
2.	Трактористи	1
3.	Метачи (привремено ангажирани преку Агенција за привремени вработувања)	3
	Вкупно:	**6**

Метењето ќе се извршува со:

- рачно чистење со сиркова, полска метла;
- машинско метење со машина-метларка;
- стружење со лопата на набиена земја од рабовите на сообрајќајниците.

II. МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини со предни млазници од цистерна има значајна улога во одржувањето на јавната чистота.

Миењето со задни црева со цистерна е начин на миење кој дава најдобри хигиенски резултати.Со овој начин се постигнува многу добар квалитет на чистење и релативно висок учинок.Овој начин на чистење може да се применува на сите видови на јавни површини.

Од изнесеното се гледа дека динамиката на извршување е различна и истата зависи од примената на интервенцијата.Воглавно, застапени се рачно метење и машинско миење на јавните површини со цистерна со предни млазници секој работен ден во централното подрачје.

Исто така предвидуваме чистење на набиена земја од ивиците на сообрајќајниците најмалку четири пати годишно и перење на јавните површини со задни цевки со цистерна најмалку еднаш месечно.

Како дополнителни работи се јавуваат пречистување на јавните површини по барање на Општина Новаци за време на државните празници и одржување на манифестации, по барање на инспекциски служби и сл.Овие работи се извршуваат дополнително од редовната програма со работен налог од нарачателот на услугата како дополнителна работа и за извршената работа Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци ќе наплаќа по m^2 извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

Миењето може да биде машинско со предна млазница и рачно миење со задно црево.

МАШИНСКО МИЕЊЕ СО ПРЕДНА МЛАЗНИЦА

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по m^2 извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

Прва категорија – Миење на јавни површини-сообрајќајници - 5 пати неделно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК	14.000 m^2	1	20	280.000 m^2	9	2.520.000 m^2
	Вкупно:	**14.000 m^2**		**20**	**280.000 m^2**	**9**	**2.520.000 m^2**

Втора категорија – Миење на јавни површини-сообрајќајници - 2 пати неделно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Споредни улици во с. Новаци	16.590 m^2	1	8	132.720 m^2	9	1.194.480 m^2
		16.590 m^2		**8**	**132.720 m^2**	**9**	**1.194.480 m^2**

Трета категорија – Миење на јавни површини-сообрајќајници - 2 пати месечно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1	Главна улица во с. Добромири	4.950 m^2	1	2	9.900 m^2	9	89.100 m^2
2	Главна улица во с. Горно Агларци	7.314 m^2	1	2	14.628 m^2	9	131.652 m^2
3	Главна улица во с. Долно Агларци	5.256 m^2	1	2	10.512 m^2	9	94.608 m^2
4	Главна улица во с. Далбеговци	4.281 m^2	1	2	8.562 m^2	9	77.058 m^2
5	Главна улица во с. Рибарци	3.960 m^2	1	2	7.920 m^2	9	71.280 m^2
		25.761 m^2		**2**	**51.522 m^2**	**9**	**463.698 m^2**

Четврта категорија – Миење на јавни површини-сообрајќајници – еднаш месечно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1	Главна улица во с. Гнеотино	1.335 m^2	1	1	1.335 m^2	9	12.015 m^2
2	Главна улица во с. Брод	1.350 m^2	1	1	1.350 m^2	9	12.150 m^2
3	Главна улица во с. Живојно	2.766 m^2	1	1	2.766 m^2	9	24.894 m^2
4	Главна улица во с. Бач	2.955 m^2	1	1	2.955 m^2	9	26.595 m^2
5	Главна улица во с. Гермијан	4.260 m^2	1	1	4.260 m^2	9	38.340 m^2
6	Главна улица во с. Арматуш	807 m^2	1	1	807 m^2	9	7.263 m^2
8	Главна улица во с. Орехово	1.482 m^2	1	1	1.482 m^2	9	13.338 m^2
		14.955 m^2		**1**	**14.955 m^2**	**9**	**134.595 m^2**

РАЧНО МИЕЊЕ СО ЗАДНИ ЦРЕВА

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по m^2 извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

Прва категорија – Миење на тротоари, плоштади и плочници – еднаш неделно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК	4.666 m^2	2	4	18.664 m^2	9	167.976 m^2
2.	Плоштад во општинска зграда Новаци	123 m^2	2	4	492 m^2	9	4.428 m^2
	Вкупно:	**4.789m^2**		**4**	**19.156m^2**	**9**	**172.404 m^2**

Втора категорија – Миење на тротоари, плоштади и плочници - два пати месечно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Тротоари низ с. Новаци	1.027 m^2	2	2	2.054 m^2	9	18.486 m^2
	Вкупно:	**1.027 m^2**		**2**	**2.054 m^2**	**9**	**18.486 m^2**

Трета категорија – Миење на тротоари, плоштади и плочници - еднаш месечно

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
1.	Тротоари низ с. Гермијан	387 m^2	2	1	387 m^2	9	3.483 m^2
2.	Тротоари низ с. Горно Агларци	402 m^2	2	1	402 m^2	9	3.618 m^2
	Вкупно:	**789m^2**		**1**	**789 m^2**	**9**	**7.101 m^2**

ПРЕСМЕТКА

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со миење:

Ред. број	Категорија	Површина (m^2)	Единечна цена (ден/m^2)	Износво денари
1.	Прва категорија – машинско миење	2.520.000m^2	0,16	403.200 ден.
2.	Втора категорија – машинско миење	1.194.480m^2	0,16	191.116 ден.
3.	Трета категорија – машинско миење	463.698m^2	0,16	74.191 ден.
4.	Четврта категорија – машинско миење	134.595m^2	0,16	21.535 ден.
5.	Прва категорија – рачно миење	172.404m^2	0,92	158.611 ден.
6.	Втора категорија – рачно миење	18.486m^2	0,92	17.007 ден.
7.	Трета категорија – рачно миење	7.101m^2	0,92	6.532 ден.
	Вкупно:	**4.510.764m^2**		**872.192 ден.**

ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Ред. број	Работно место	Број на извршители
1.	Возач	1
2.	Работници за миење со цистерна	1
3.	Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања	2
	Вкупно:	**4**

УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖЕН ШУТ И ОТПАДНА ЗЕМЈА

За градежен шут и друг вид на неопасен отпад кој е исфрлен од непознат сторител, со барање до Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе се извршува работа за подигање, утовар, транспорт и депонирање на отпадот и за истото претпријатието ќе изврши наплата во износ од 600ден/m^3. Во 2022 година предвидуваме да се собере и депонира 800 m3 отпад од диви депонии (градежен шут или неопасен комунален отпад).

ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Под поимот јавни површини под паркови и зеленило спаѓаат сите парковски површини, цветни алеи и дрвореди, ниска вегетација и живи огради на општинско земјиште и неурбанизирани зелени површини кои се на општинско и државно земјиште на територијата на Општина Новаци.

Како и јавните површини, одржувањето на парковите и зелените површини зависи од повеќе фактори, а еден од најбитните е економската моќ на општината. Финасиските средства за подигање и одржување на јавно зеленило се обезбедуваат од изворите на средства за финасирање на комуналните дејности кои се предвидени во Законот за комунални дејности. Врз основа на овој битен економски фактор и врз база на искуството од 2020 година, Општина Новаци ја изработи оваа Програма за одржување на парковите и зелените површини на територија на Општина Новаци, за нормално одвивање на животот на граѓаните, за користење на овие паркови и зелени површини од жителите на Општина Новаци и зачувување на животната средина.

Одржувањето на парковските и зелените површини зависат од следните фактори:

- Културните навики на населението;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придржување на позитивните прописи.

Одржувањето на парковите и зелените површини на Општина Новаци, се одвива преку целата година и се категоризира според степенот на одржување.

Во зимските периоди, овие површини се одржуваат да бидат чисти од секојдневниот отпад, се отвораат патеки од снег, се чисти и изнесува снег и мраз, се мети и други оперативни работи.

Во летните месеци се врши косење, полевање, окопување и одржување на сезонско цвеќе, кастрење на дрвја, косење, полевање, греблување и собирање и изнесување на тревата, кастрење и кроење на жива ограда и исфрлање на отпадот, одржување/поправка на детски реквизити, замена на корпи за отпадоци со нови или нивна поправка, и други активности.

Оваа Програма дава приоритет на централните паркови и зелени површини, на големите паркови во населените места на општината и каде централното подрачје е опфатено со двосменско работење, со оглед на поголемата фреквенција на луѓе и возила.

Зелените површини од остнатите категории ќе бидат одржувани со предвидените активности и според категоризацијата и степенот на чистота.

Врз основа на горенаведеното, парковите и зелените површини ги категоризираме на:

Прва категорија

- Чистење на отпад – 5 дена во неделата;
- Косење и кастрење – еднаш неделно во период од 01 март до 31 октомври
- Во топлите денови – полевање 3 пати неделно.
- Чистење на лисја – 5 денаво неделата во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, секојдневно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

Втора категорија

- Чистење на отпад – еднаш неделно.
- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – еднаш неделно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 2 пати неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

Трета категорија

- Чистење на отпад – два пати месечно.
- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – два пати месечно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 1 неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

Вкупните годишни цени/m^3 за одржување на паркови и зеленило се пресметани во категории според степенот на планираното одржување:

Прва категорија

Ред, број	Позиција	Реализација (годишно)	Единечна цена	Вкупно годишно (ден./m^3)
1.	Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.)	240	0,14	33,6
2.	Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето	64	0,28	17,92
3.	Полевање	96	0,14	13,44
4.	Чистење на лисја	60	0,14	8,4
5.	Чистење на патеки од снег	80	0,14	11,2
			Вкупно:	84,56

Втора категорија

Ред, број	Позиција	Реализација (годишно)	Единечна цена	Вкупно годишно (ден./m^3)
1.	Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.)	48	0,14	6,72
2.	Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето	16	0,28	4,48
3.	Чистење на лисја	12	0,14	1,68
4.	Чистење на патеки од снег	32	0,14	4,48
			Вкупно:	17,36

Трета категорија

Ред, број	Позиција	Реализација (годишно)	Единечна цена	Вкупно годишно (ден./m^3)
1.	Чистење на отпад	24	0,14	3,36
2.	Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето	16	0,28	4,48
3.	Чистење на лисја	6	0,14	0,84
4.	Чистење на патеки од снег	16	0,14	2,24
			Вкупно:	10,92

Категоризација на паркови и пресметка:

Прва категорија

Ред. бр.	Паркови	Површинаво m^2	Вкупно годишно (ден./m^3)	Број на извршители	Износво денари
1.	Парковите низ с. Новаци	4.550 m^2	84,56	2	384.748 ден.
2.	Детските игралишта, игротеката во с. Новаци и двор на амбуланта	9.230 m^2	84,56	2	780.488 ден.
	Вкупно:	**13.780 m^2**	**84,56**		**1.165.236 ден.**

Втора категорија

Ред. бр.	Паркови	Површина во m^2	Вкупно годишно (ден./m^3)	Број на извршители	Износво денари
1.	Центар во с. Добромири	3.000 m^2	17,36	2	52.080 ден.
2.	Центар во с. Рибарци	1.000 m^2	17,36	2	17.360 ден.
3.	Центар во с. Горно Агларци	1.500 m^2	17,36	2	26.040 ден.
4.	Центар во с. Долно Агларци	1.500 m^2	17,36	2	26.040 ден.
5.	Манастир Рожденство на Пресвета Богородица во с. Новаци	9.500m^2	17,36	2	164.920 ден.
	Вкупно:	**16.500 m^2**	**17,36**		**286.440 ден.**

Трета категорија

Ред. бр.	Паркови	Површина во m^2	Вкупно годишно (ден./m^3)	Број на извршители	Износво денари
1.	Центар во с. Гермијан	2.200m^2	10,92	2	24.024 ден.
2.	Центар во с. Бач	900 m^2	10,92	2	9.828 ден.
3.	Центар во с. Живојно	1.000 m^2	10,92	2	10.920 ден.
4.	Центар во с. Брод	600 m^2	10,92	2	6.552 ден.
5.	Центар во с. Гнеотино	600 m^2	10,92	2	6.552 ден.
6.	Центар во с. Далбеговци	1.500 m^2	10,92	2	16.380 ден.
	Вкупно:	**6.800 m^2**	10,92		**74.256 ден.**

Потребни финансиски средства за одржување на паркови и јавно зеленило на територија на Општина Новаци:

Ред. број	Категорија	Површина (m^2)	Единечна цена (ден/m^2)	Износво денари
1.	Прва категорија	13.780 m^2	84,56	1.165.236 ден.
2.	Втора категорија	16.500 m^2	17,36	286.440 ден.
3.	Трета категорија	6.800 m^2	10,92	74.256 ден.
	Вкупно:	**37.080 m^2**		**1.525.936 ден.**

ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Ред. број	Работно место	Број на извршители
1.	Возач	1
2.	Работници за косење, кастрење, полевање и чистење	3
3.	Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања	2
	Вкупно:	**6**

Реализирањето на оваа програма, Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе ја извршува со следните возила:

- моторни тимери;
- трактор за косење;
- трактор;
- метли, вили, грибла, коси и слично.

ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ОТВОРЕНИ БЕТОНИРАНИ КАНАЛЧИНА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА ВОДА ИОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА

Одржувањето и чистењето на отворените бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржувањето и чистењето на излетничките места ќе се врши со следните операции:

- косење, гребулање и изнесување на треватапокрај каналчето или од излетничкотоместо;
- сечење на грмушки и исфрлање на отпадот;
- чистење на дното на отвореното бетонско каналче од нанос од песок и мил.

Овие операции ќе се извршуваат еднаш во месецот.

Вкупните годишни цени/m^3 за одржување на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места се пресметани според степенот на планираното одржување:

Прва категорија – одржување и чистење на отворени бетонирани каналчиња за одведување на атмосферска вода

Ред, број	Позиција	Реализација (годишно)	Единечна цена	Вкупно годишно (ден./m³)
1.	Косење, гребулање и изнесување на трева покрај каналчето	12	0,35	4,2
2.	Чистење на дното од каналчето од нанос од песок и мил	12	0,56	6,72
			Вкупно:	10,92

Втора категорија – одржување и чистење на излетнички места

Ред, број	Позиција	Реализација (годишно)	Единечна цена	Вкупно годишно (ден./m³)
1.	Косење, гребулање и изнесување на трева	12	0,35	4,2
2.	Кастрење на грмушки	12	0,35	4,2
			Вкупно:	8,4

ПРЕСМЕТКА

Прва категорија

Ред. бр.	Паркови	Површинаво m²	Вкупно годишно (ден./m³)	Број на извршители	Износво денари
1.	Каналчиња во Општина Новаци	15.000 m²	10,92	2	163.800 ден.
	Вкупно:	**15.000 m²**	**10,92**		**163.800 ден.**

Втора категорија

Ред. бр.	Паркови	Површинаво m²	Вкупно годишно (ден./m³)	Број на извршители	Износво денари
1.	Стара општинска зграда во с. Старавина и с. Бач	4.000 m²	8,4	2	33.600 ден.
2.	Излетничко место - Коњарка	4.000 m²	8,4	2	33.600 ден.
3.	Чистење на културно-историски знаменитости во Мариово	10.000 m²	8,4	2	84.000 ден.
4.	Чистење на културно-историски знаменитости во с. Брод	500 m²	8,4	1	4.200 ден.
	Вкупно:	**18.500 m²**	8,4		**155.400 ден.**

Потребни финансиски средства за одржување и чистење на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места:

Ред. број	Категорија	Површина (m^2)	Единечна цена (ден/m^2)	Износво денари
1.	Прва категорија	15.000 m^2	15,6	163.800 ден.
2.	Втора категорија	18.500 m^2	12	155.400 ден.
	Вкупно:	**33.500 m^2**		**319.200 ден.**

ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Ред. број	Работно место	Број на извршители
1.	Возач	1
2.	Работници за чистење,косење и кастрење	2
3.	Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања	1
	Вкупно:	**4**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата ја изготви Општина Новаци во соработка со Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци во која се извршени сериозни интервенции како во опфатот на површините за одржување, така и во прецизирање и детализирање на фрекфренцијатана одржување.

Во програмата е даден приоритет на површините кои ќе ги одржува изведувачот на програмата, во случајот - Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци, според густината на населеност, фрекфренција на граѓани и сообраќај, постоење на социјални, културни и воспитно - образовани објекти.

При изготвување на програмата земено е во предвид мислењето на надлежните инспекциски служби во Општината преку нивната работа на терен и мислењето на стручните служби во Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци.

Со спроведување на оваа Програма ќе се подобри квалитетот во одржувањето на јавната чистота, со што ке се обезбедат поквалитетни услови за живот и почиста животна средина во општината.

НАДЗОР ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор и контрола во спроведување на програмата за одржување на јавна чистота врши Општна Новаци, односно одделението за инспекциски надзор.

БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализација на програмата ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Новаци по доставена месечна фактура и спецификација на извршените работи за одржување на јавната чистота, согласно Програмата од страна на Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

Ред. број		**Површина (m^2)**	**Вкупна вредност**
1.	Чистење на јавни површини со метење	3.676.400 m^2	1.433.796 ден.
2.	Чистење на јавни површини со миење	4.510.764m^2	872.192 ден.
3.	Одржување на паркови и зеленило	37.080 m^2	1.525.936 ден.
4.	Одржување и чистење на отворени бетонски каналчиња и одржување и чистење на излетнички места	33.500 m^2	319.200 ден.
	Вкупно:	**7.981.344 m^2**	**4.151.124 ден.**

За да се реализира Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 година, потребни се финансиски средства во износ од 4.151.124 денари.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/10 Општина Новаци
29.12.2022г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, “Службен веник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 27.12.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на ЈКПД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година, бр. 01-270/1 од 13.12.2022г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-1080/13 Совет на Општина Новаци
27.12.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/11
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.12.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈКПД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година, бр. 05-269/1 од 13.12.2022г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-1080/14
27.12.2022г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рат, Република Хрватска во Општина Новаци

1.Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рат, Република Хрватска во Општина Новаци, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/12 Општина Новаци
29.12.2022г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.12.2022 год. донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рат, Република Хрватска во Општина Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рат, Република Хрватска (превоз, хотелско сместување, исхрана и други услуги).

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

Член 3

Одлуката влегува на сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“ .

14-1080/15 Совет на Општина Новаци
27.12.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2023 год., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/13
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Подготвил:
Ирена Поповска Талевска
Координатор за еднакви можности

Разгледува:
Комисија за еднакви можности

Донесува:
Совет на општина Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2023

Декември 2022

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.12.2022 год. донесе:

Вовед

Годишната програма за еднакви можности на Општина Новаци опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација ,иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество,услови,статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените,претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е уставна категорија.

Оваа Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2023 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година.Основната цел на овој документ е да се подобри Статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Општина Новаци во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација пристапи кон изработка на програма за еднакви можности 2023 година во следните области

Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Новаци

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките
- Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност

Родова еднаквост преку образование

- Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти
- Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили)

Родова еднаквост преку култура

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

Родова еднаквост преку медиуми

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство
- Едукација за облиците на дискриминација ,родовата еднаквост
- Кампања за подеднаква поделба на обврските во домот

Родова еднаквост преку здравство

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Спроведување на едукација за рано откривање на малигни заболувања,дијабетис,срцеви болести

Родова еднаквост преку социјална заштита

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината,олеснет пристап за остварување на еднократна помош
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени
- Организирање посети на стари лица ,самци,самохрани родители,лица со попреченост

Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе

- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација

Родова еднаквост и економското јакнење на жената

- Подигнување на свеста на рураланата жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30)

- Преку отворање на првата детска градинка во Општина Новаци се овозможува на повеќето мајки активно вклучување во пазарот на трудот преку вработување или отворање на сопствени бизниси

Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот

- Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање на трибини и средби

Конкретни цели	**Предвидени мерки и активности**	**Одговорни институции**	Показатели на успех	Извори на финансирање	Потребни финансиски средства /Буџет
1.Економско јакнење на жените Зголемување на вработеноста на жените	1.1.Промоција на можностите за олеснет пристап до пазарот на трудот 1.2.Кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување 1.3.Промовирање на мерки за вработување и сопствен бизнис	КЕМ Граѓански организации АВРМ	Бр.на одржани трибини, обуки -број на посетители -зголемен број на нововработени жени -изработка на брошура -зголемен интерес на невработени жени за самовработување	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
2. Подобрување на квалитетот на животот и **социјална заштита**	2.1.Организирање трибини 2.2. Организирање посети на стари лица, самци, самохрани родители, лица со попреченост 2.3.Олеснет пристап за остварување на еднократна помош 2.4Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени 2.5Организирање на обуки за ослободување од стресот предизвикан од појавата на Корона вирусот ,посебно кај самохраните	КЕМ Граѓански организации Црвен крст ЦСР Координатор за еднакви можности Меѓуопштински центар за социјална работа Испорачувачи на ИТ обуки	Број на корисници Број на одржани редби, посети, Број на корисници на помош	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.

	родители 2.6Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца				
3. Унапредување на здравјето на мажите и жените во однос на малигните заболувања, дијабетис, срцеви болести Подигање на свеста за репродуктивното здравје	3.1. Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања 3.2. Бесплатни прегледи, мерења	КЕМ Граѓански организации Црвен крст ЈЗУ Координатор за еднакви можности	Бр.на посетители Бр.на извршени прегледи	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
4. Ефективно остварување на **човековите права**	4.1.Едукација за облиците на дискриминација, родовата еднаквост 4.2.Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност	КЕМ Граѓански организации координатор за еднакви можности Советници	Бр.на обуки -бр.на посетители -печатени флаери	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
5. Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество **во политичкиот живот**	5.1.Трибини 5.2.Средби	КЕМ Граѓански организации Координатор за еднакви можности	-бр.на посетители -бр.на жени кандидати	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
6. Борба против **родово базирано насилство**,	6.1.Едукација за облици на родово базирано насилство преку	КЕМ Координатор за еднакви можности	Бр. На одржани работилници Посетеност	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.

заштита и поддршка на жртвите	работилници за подигање на свеста за превенција и заштита од родово насилство во училиштата	ОУ Граѓански организации			

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година

1.Се прогласува, Одлука за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/14
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018 и 163/2018), член 12 став 2 од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.03-324/15 од 30.12.2022г.) дел 1.1 , член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен гласник на Општина Новаци бр. 03-324/15 од 30.12.2022г.) и член 21 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.12.2022 г.донесе:

О Д Л У К А
за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се уредува и регулира начинот и постапката за остварување на субвенции во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година.

Член 2

Субенционирањето се врши на линии од општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци кои сообраќаат до/од руралните места , и тоа:

- Новаци-Далбеговци
  Гермијан – Брод
- Новаци-Рапеш
- Новаци -Гнеотино

Член 3

Должината на линијата која е предмет на субвенционирање ќе биде утврдена од страна на комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Новаци , согласно со утврдените стојалишта , во присуство на претставник на превозникот кој го добил одржувањето на линијата на Јавниот повик за доделување на линии во општинскиот линиски превоз на патници во општина Новаци.

Член 4

Субвенционирањето се врши на месечно ниво за секоја линија посебно , согласно вкупно изминатите километри предвидени со регистрираниот возен ред.

Член 5

Субвенцијата изнесува 29,00 денари по изминат километар.

Член 6

Услов за остварување на правото на субвенција е граѓаните кои ќе го користат општинскиот линиски превоз на соодветните релации да не им се наплатува билет по цени повисоки од цените определени со тарифниот систем .

Член 7

Доделувањео на субвенцијата ќе биде реализирано преку Јавниот повик за доделување на линии на општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци чиј што составен дел ќе биде и оваа Одлука.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува со денот на започнување на примената на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општинаа Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 03-324/15 од 30.12.2022г.)

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Новаци

1.Се прогласува, Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Новаци, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/15
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018 и 163/2018), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/2002) и член 22 од Статутот на Општината Новаци (“Службен гласник на Општината Новаци ” бр.7/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.12.2022г. донесе:

О Д Л У К А
ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци.

Советот на Општината Новаци го уредува општинскиот линиски превоз на патници како јавен превоз на патници на подрачјето на општината, при што особено утврдува:

1. Единствена мрежа на линии;
2. Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
3. Начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;
4. Тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплатата;
5. Локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена;
6. Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;
7. Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1);
8. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз;
9. Надзор;
10. Казнени одредби.

Член 2

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци се врши на линии кои го поврзуваат седиштето на општината Новаци со населените места утврдени во оваа Одлука.

Член 3

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци може да се врши со комби возила со најмалку девет седишта (8+1), минибуси и автобуси наменети за овој вид на превоз.

Во внатрешноста на возилото треба да има натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1. Број на регистрирани места за седење и стоење;
2. Натпис и ознака „Забрането пушење“;
3. Натпис со содржина „Седиштата првенствено се наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе“;
4. Обележување на вратите од возилото со натписи „влез“ и „излез“ на патниците.

II. ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

Член 4

За вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци се утврдуваат следните линии:

Ред. број	**Број и назив на линијата**	**Автобуски стојалишта**
1.	**Новаци –Далбеговци**	Село Новаци, село Добромири, село Горно Агларци, село Долно Агларци, село Далбеговци
2.	**Гермијан –Скочивир**	Село Гермијан, село Бач, село Живојно, село Добровени и село Брод и село Скочивир
3.	**Новаци- Рапеш**	Село Новаци, село Арматуш, село Маково , село Рапеш

Член 5

Единствената мрежа на линии ја утврдува и донесува Советот на Општината Новаци.

Член 6

Превозниците, руралните заедници, Новаци, институции и жителите на општината можат да предложат отворање на нови линии, како и продолжување, скратување и укинување на постојните.

За отворање нови линии и нови автобуски стојалишта, продолжување, скратување и укинување на постојните одлучува Советот на Општината Новаци ако се исполнети неопходните сообраќајно-технички и економски услови.

Член 7

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетното и крајното стојалиште, како и со имињата на некои пофреквентни стојалишта.

Бројот и називот на линијата се поставува на видно место во возилото и на автобуските стојалишта.

Во возилата со кои се врши општинскиот линиски превоз на патници на предната и на бочната страна на видно место треба да е истакнат бројот и називот на линијата.

Член 8

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци можат да вршат превозници кои имаат лиценца за вршење на таков вид превоз која што ја издава Градоначалникот на општина Новаци.

Формата и содржината на лиценцата од ставот 1 на овој член ги пропишува Министерот за транспорт и врски на РМ.

Лиценца од ставот 1 на овој член може да добие домашно правно лице (превозник) ако ги исполнува следниве услови:

- **да е впишан во Централен регистар на РМ** и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;
- **да е сопственик или да има договор за лизинг** за две или повеќе регистрирани возила за општински линиски превоз, кои што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возилата за општински линиски превоз со најмалку 8+1 седиште;
- **да има вработено во редовен работен однос минимум** еден возач по возило;
- управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност;
- **да има добар углед кое** се докажува со доставување на:
- **Потврда** дека не е изречена правосилна судска пресуда за кривични дела против имотот, стопанството и од областа на безбедноста со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната, **за правно лице и за управителот на правното лице;** и
- **Потврда** дека не е изречена прекршочна мерка за безбедност-забрана за вршење на професија, дејност или должност со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната, **за правното лице и управителот на правното лице.**

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Новаци се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава Градоначалникот на Општина Новаци по претходно спроведен јавен повик за доделување на „пакет линии“ и јавен повик за доделување на „ поединечна линија „ .

Превозникот кој што има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превозот откако **ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на Општина Новаци.**

Дозволата и возниот ред од ставот 5 на овој член се издаваат со рок на важење од пет години.

Формата и содржината на дозволата од ставот 5 на овој член ги пропишува Министерот за транспорт и врски на РМ.

Трошоците настанати во врска со издавање на лиценцата и другата потребна документација за вршење на општински линиски превоз на патници ги сноси превозникот.

При вршење на општински линиски превоз на патници, превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола, патен налог и регистриран возен ред, сите во оргинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

III. ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 9

Возниот ред во согласност со мрежата на линии го утврдува и донесува Советот на Општината Новаци и е составен дел на оваа одлука (Прилог 1).

Возниот ред и линијата се регистрираат на име на превозникот и не можат да се пренесуваат на друг превозник.

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајни свртувалишта, попатни стојалишта, време на доаѓање и поаѓање на возилата на/од почетно-крајните свртувалишта и попатните стојалишта и рок на важење.

Возниот ред го истакнува превозникот на почетно-крајните свртувалишта, на попатните стојалишта и во возилото.

Качување и слегување на патници превозникот ги врши само на почетно-крајните свртувалишта и на попатните стојалишта согласно утврдениот и регистриран возен ред.

Во текот на одржување на линијата според возниот ред, превозот за определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата. Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган и јавноста преку средствата за јавно информирање.

Линија 1

Време на поаѓање		**км**	**Станици**	**Време на враќање**	
1	**2**			**1**	**2**
6:30	12:50	0	Новаци	7:20	13:40
6:35	12:55	3	Добромири	-	-
6:45	13:02	9	Г.Агларци	-	-
6:50	13:10	12	Д.Агларци	-	-
6:55	13:15	15	Далбеговци	-	-

Режим на одржување:
- од понеделник до петок во период од 01.09 до 31.12 и од 20.01 до 10.06
Линијата е субвенционирана

Линија 2

Време на поаѓања		км	Станици	Време на враќања	
1	2			1	2
7:00	12:50	0	Живојно	7:45	13:35
7:15	13:04	7	Брод	-	-
7:20	13:10	10	Бач	-	-
7:25	13:15	13.5	Гермијан	-	-
7:30	13:20	17	Бач	7:35	13:25

- **Режим на одржување:**
-од понеделник до петок во период од 01.09 до 31.12 и од 20.01 до 10.06
-Линијата е субвенционирана

Линија 3

Време на поаѓања		км	Станици	Време на враќања	
1	2			1	2
5:50	13:10	0	Новаци	7:10	14:30
-	13:25	11	Арматуш	6:55	-
-	13:45	27	Маково	6:35	-
6:30	14:00	32	Рапеш	6:30	14:00

Режим на одржување:
- од понеделник до петок во период од 01.09 до 31.12 и од 20.01 до 10.06

Линијата е субвенционирана

Член 10

Единствениот возен ред за линија од единствената мрежа на линии од член 4 на оваа одлука го регистрира Градоначалникот на Општината Битола.

IV. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ, КАКО И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

Член 11

Контролата на сообраќајот на автобусите и одржувањето на линиите ја вршат:

1. превозникот преку сопствена служба за контрола и
2. Општина Новаци преку овластениот инспектор за патен сообраќај.

За извршената контрола општинскиот инспектор за патен сообраќај води посебна евиденција.

V. ТАРИФЕН СИСТЕМ, СИСТЕМ НА НАПЛАТА И НАЧИН И КОНТРОЛА НА НАПЛАТАТА

Член 12

Во општинскиот линиски превоз на патници на територија на општина Новаци се утврдува единствен тарифен систем.

Општина Новаци има право да врши субвенционирање на линиите до руралните места.

Системот на наплата е преку продажба на билети во возилото или преку продажба на претплатни билети.

Единствениот тарифен систем го утврдува и донесува Советот на Општината Новаци.

Патниците кои користат општински линиски превоз за цело време навозењето требада имаат билет купен во возилото или претплатен билет.

Патникот мора на барање на овластениот инспектор за патен сообраќај, како и на контролорите од превозникот што гоодржува превозот да го даде билетот на увид.

Возачот на возилото е должен врз основа на расположливите места во возилото да ги смести патниците и нивниот личен багаж.

Возачот на возилото не смее да качува или слегува патници и товара или истовара багаж надвор од автобуските стојалишта кои се одредени во возниот ред.

VI. ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 13

Автобуските стојалишта се лоцирани на подрачјето на Општината Новаци.

При вршење на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци во возилата можат да се качуваат и симнуваат патници само на автобуските стојалишта утврдени во возниот ред.

Автобуско стојалиште е простор одреден за застанување на возилата кои што обавуваат општински линиски превоз на патници согласно утврдениот возен ред заради обезбедување на безбедно влегување и излегување на патниците.

Член14

Автобуските стојалишта се поделени според населените места и тоа:

1. Автобуски стојалишта

Автобуски стојалишта по населени места

Име на стојалиштето
Новаци – 2 стојалишта
Добомири -1 стојалиште
Горно Агларци -1 стојалиште
Долно Агларци -1 стојалиште
Далбеговци -1 стојалиште
Гермијан-1 стојалиште
Бач-1 стојалиште
Живојно-1 стојалиште
Брод-1 стојалиште
Добровени-1 стојалиште
Скочивир-1 стојалиште
Арматуш-1 стојалиште
Маково-1 стојалиште
Рапеш-1 стојалиште
Долно Орехово- стојалиште 1
Зовиќ-1 стојалиште
Будимирци-1 стојалиште
Старавина-1 стојалиште
Градешница -1 стојалиште

II. ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

Член 15

Автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта се обележуваат со табла која содржи: натпис што служи за известување на патниците (возен ред и сл.). Таблата се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта наменета за застанување на автобусите се обележува со стандардната ознака „БУС“ со жолта ознака.

VIII. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

Член 16

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци се врши врз основа на издадена Дозвола и регистриран возен ред од Градоначалникот на општина Битола, за секоја линија посебно.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци може да се врши и на начин и постапка утврдени со Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 17

Распределба на линиите во општинскиот линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Новаци ќе се врши согласно критериумите пропишани со оваа одлука и согласно пропишаните законски прописи.

Постапката за распределба на линиите во општинскиот линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Новаци ја спроведува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Новаци од редот на вработените во општинската администрација.

Линиите се распределуваат врз основа на јавен повик што го распишува Комисијата за спроведување на постапката за распределба на линии за вршење на општински линиски превоз на патници при Општина Новаци, според утврдени критериуми.

Во јавниот повик мора да бидат наведени линиите кои што ги исполнуваат сообраќајно-техничките услови за нивно одржување.

Јавниот повик трае 15 дена и се објавува во два печатени медиуми на македонски јазик, на огласна табла на Општина Новаци , на веб-страницата на Општина Новаци и во локалните медиуми.

Условите кои треба да ги исполнува превозникот за учество во јавниот повик за распределба на линиите се:

1. да има важечка лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници и важечки изводи од лиценца за секое возило;
2. да е впишан во Централен регистарна РМ и да има регистрирано приоритетна дејност /главна приходна шифра: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;
3. да е сопственик на најмалку две регистрирани возила по линија или да има договор за лизинг,за возила со најмалку 8+1 седиште, кои ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови за моторни возила наменети за вршење на општински линиски превоз;
4. да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило;
5. управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има Сертификат за професионална компетентност;

6. да има добар углед;
7. во возилата да има вграден фискален апарат.

Член 18

Врз основа на објавениот јавен повик за распределба на линии во општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци, превозникот поднесува пријава кон која ги приложува следните докази:

1. Важечка лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници и важечки изводи од лиценца за секое возило;
2. Тековна состојба од Централен регистар на РМ,не постара од 6 месеци;
3. Копија од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар, за минимум две регистрирани возила по линија или договор за лизинг, за возила со најмалку 8+1 седиште;
4. Копија од потврда издадена од Станица за технички преглед за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови за моторните возила наменети за општински линиски превоз, со точно утврдена класа на возилото (за општински линиски превоз), за секое возило;
5. Копија од потврда издадена од Станица за технички преглед за исполнување на еколошки стандарди, за секое возило;
6. Копија од образец М1/М2 за вработени возачи во редовен работен однос, минимум еден возач по возило;
7. Список на вработени по обврзник од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, не постар од 60 дена;
8. Копија од сертификатот за професионална компетентност на управителот на фирмата, односно на овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос кај превозникот, издаден од Министерот за транспорт и врски на РМ;
9. Потврда дека не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа за безбедноста со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната**, заправното лице;**
10. Потврда дека не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа за безбедноста со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната**, за управителот на правното лице;**
11. Потврда дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност-забрана за вршење на професија, дејност или должност со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната, **за правното лице;**
12. Потврда дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност-забрана за вршење на професија, дејност или должност со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната, **за управителот на правното лице.**
13. Копија од Решението од Управата за јавни приходи на РМ за регистрација на фискална опрема, како доказ за вграден фискален апарат во возилото;
14. Изјава за согласност за користење на личните податоци.

Член 19

Превозникот поднесува пријава со приложена документација за исполнување на условите и критериумите од оваа одлука и согласно објавениот јавен повик.

Ненавремена и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Комисијата за спроведување на постапката за распределба на линии за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Новаци во рок од 30 дена по завршување на јавниот повик писмено го известува Градоначалникот на Општина Новаци со извештајот за распределување на линиите на превозници и предлог листа за одбивање доколку има неприфатливи пријави од превозници.

Во извештајот до Градоначалникот, Комисијата ја оценува прифатливоста, односно неприфатливоста на поднесените пријави врз основа на целокупната документација поднесена кон пријавата.

Член 20

По добивање на Извештајот за распределба на линијата, превозникот до Градоначалникот на Општина Новаци поднесува барање за издавање на Дозвола за општински линиски превоз на патници и регистрација на возен ред.

Кон барањето превозникот го поднесува решението со кое му е распределена линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред.

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето и има важност од пет години.

Член 21

Барањето за издавање на дозвола за општински линиски превоз на патници и регистрација на возниот ред ќе биде одбиено ако барателот:

- нема важечка лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници и важечки изводи од лиценца за секое возило

- нема доволен број на регистрирани возила во сопственост или под договор за лизинг;
- нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило.

Член 22

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот за што приложува доказ од кој може да се види дека истата е изгубена, оштетена или дотраена.

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава на образец во формат А-4 во бела боја.

Образецот на дозволата за општински линиски превоз на патници содржи: сериски број на дозволата, грб на Општина Новаци, назив на општината: Општина Новаци, назив: „Дозвола за општински линиски превоз на патници“, број на издадена дозвола, назив на превозникот, седиште на превозникот, број на линијата, релација на која ќе се врши превозот, рок на важење на дозволата, место и датум на издавање и место за печат и потпис на Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 23

Превозникот е должен да отпочне со вршење на општински линиски превоз на патници на распределената линија во рок од 10 дена од склучениот договор помеѓу него и Градоначалникот на Општина Новаци.

Доколку превозникот не започне со вршење на општински линиски превоз во рокот утврден во ставот 1 на овој член, истиот го губи правото да врши превоз на таа релација и дозволата ќе му биде одземена.

IX. НАДЗОР

Член 24

Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај, прописите донесени врз основа на овој закон и одредбите на оваа Одлука ,што се однесуваат на општинскиот линиски превоз на патници кој што се врши на подрачјето на општина Новаци го вршат овластените инспектор и за патен сообраќај.

Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во општина Новаци се должни на овластените инспектори за патен сообраќај да им овозможат вршење на инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја стават на увид потребната законска, техничка и друга документација.

X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 25

За непочитување на одредбите на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај, доколку со тој закон не е предвидено поинаку.

Член 26

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Новаци
Славица Најдовска -Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола за 2023 година

1.Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола за 2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/16
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен веник на РМ“ бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 27.12.2022 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола за 2023 година, бр. 0302-15/1 од 22.12.2022г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-1080/19
27.12.2022г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Финансиска распределба на средства на ЈОУДГ “Бамби“ Новаци
за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година

1.Се прогласува, Одлука за давање на Согласност на Финансиска распределба на средства на ЈОУДГ “Бамби“ Новаци за период од 01.01.2023-31.12.2023 година, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/17
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на 168 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и “Службен веник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19,311/20, 294/21, 150/22, 236/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 27.12.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Финансиска распределба на средства
на ЈОУДГ ’’Бамби“ Новаци
за период од 01.01.2023-31.12.2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Финансиска распределба на средства на ЈОУДГ ’’Бамби“ Новаци за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година, бр. 05-62/1 од 15.12.2022г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-1080/20
27.12.2022г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

1.Се прогласува, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.12.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-1111/18
29.12.2022г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен веник на РМ“ бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002) и член 12 став 1, член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 27.12.2022 година донесе:

ОДЛУКА
за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола, воспоставена со:

Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр.14-357/14 од 03.04.2018год. и Договор бр.03-200/5 од 17.04.2018год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-123/39 од 30.01.2019 год. и Анекс Договор бр.03-198/1 од 07.02.2019 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-965/9 од 26.11.2019 год. и Анекс Договор бр.03-198/3 од 30.12.2019 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-792/16 од 30.12.2020 год. и Анекс Договор бр.03-807/1 од 31.12.2020 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-1079/8 од 29.12.2021 год. и Анекс Договор бр.03-88/1 од 24.01.2022 год., заклучно со 31.12.2023 година.

Член 2

За продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука, двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-1080/21
27.12.2022г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

С О Д Р Ж И Н А :

1 Заклучок за прогласување на Буџетски календар за 2023 год. на Општина Новаци;
2 Заклучок за прогласување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
3 Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
4 Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметувањена платите на државните службеници за 2023 година;
5 Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација;
6 Заклучок за прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
7 Заклучок за прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година;
8 Заклучок за прогласување на Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 година;
9 Заклучок за прогласување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023г;
10 Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ''Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година;
11 Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈПКД ''Комунална хигиена“ Новаци за 2023 година;
12 Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рат, Република Хрватска во Општина Новаци;
13 Заклучок за прогласување на Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2023г;
14 Заклучок за прогласување на Одлука за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година;
15 Заклучок за прогласување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Новаци
16 Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие''Пелалинк“ Битола за 2023 година
17 Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Финансиска распределба на средства на ЈОУДГ “Бамби“ Новаци за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година
18 Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола.

Издава : Совет на општина Новаци
Печати : Совет на општина Новаци

Тираж: 20 примероци

Редакција:
Градоначалник
Стевче Стевановски

Редакциски одбор:
Јовановска Летка
Лозановска Николина